МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Јавно претпријатие за стопанисување
со државните шуми
МАКЕДОНСКИ ШУМИ П.О.
Бр. 02 - 958/1
28.09.2015 201 год.
СКОПЈЕ

Во акта - Арх. знак: 0201
Рок на чување: траен год.
09-10 2015 год. Потпис,
Скопје

# УПАТСТВО

## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПРИ РЕШАВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОДОБРЕНИЕ ЗА СЕЧА ВО ПРИВАТНИ ШУМИ

*Скопје / септември - 2015*

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

**Врз основа на член 36 од Статутот на ЈП "Македонски шуми", а во врска со член 63 од Законот за шумите (Сл.Весник бр.64/2009), член 3 од Законот за измени и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник бр.79 од 31.05.2013),член 3 Законот за измени и дополнување на Законот за шумите (Сл.Весник на РМ бр.160 од 31.10.2014), Правилникот за начинот на жигосување, видот на шумскиот жиг за жигосување за исечено дрво и дрвни сортименти, начинот на издавање испратница, пуштање во промет на исечено дрво, формата и содржината на регистарот на издадени и заверени испратници, формата и содржината на испратниците, формата и содржината на барањето за издавање на испратница и висината на надоместокот за издадени испратници (Сл.Весник на РМ бр.183 од 12.12.2014), Правилникот за видот на ознаката за сеча, видот на шумскиот жиг за ознака за сеча, начинот на вршење на ознаката за сеча, формата и содржината на книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во државна сопственост, книгата за евиденција на извршена ознака за сеча во шума во приватна сопственост и книгата за евиденција за направена шумска штета во шума во државна сопственост (Сл.Весник на РМ бр.183 од 12.12.2014) и Правилникот за критериуми за стопанисување со шумите во приватна сопственост за кои не се изработува посебен план или програма како и формата и содржината на евиденцискиот картон за приватни шуми за секоја катастарска парцела посебно (Сл.Весник на РМ бр.102 од 18.06.2013). Директорот на ЈП ''Македонски шуми''п.о. Скопје го донесе следното:** 07

# УПАТСТВО

## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА ПРИ РЕШАВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОДОБРЕНИЕ ЗА СЕЧА ВО ПРИВАТНИ ШУМИ

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со ова упатство се уредува начинот на спроведување на постапките при издавање на одобрение за сеча во приватни шуми од страна на стручните служби во Подружниците

**Член 2**

Службите и стручните лица се должни постапката да ја водат согласно Законот за општа управна постапка, Законот за шумите и други законски и подзаконски акти кои ја регулираат оваа материја.

**Член 3**

При водењето постапка и одлучувањето, стручните служби во подружинците на ЈП Македонски Шуми се должни на странките сопственици на шуми,да им овозможат заштита и остварување на правата, при тоа водејки сметка да не биде на штета на правата на други лица ниту во спротивност на јавните интереси пропишани со Закон.

**Член 4**

Со цел донесување на законито и правилно решение во начинот на спроведување на постапките мора објективно да се утврди фактичката состојба.

## II. ПОСТАПКА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ ЗА СЕЧА ВО ПРИВАТНА ШУМА

**Член 5**

**Сеча во шума во приватна сопственост се врши со одобрение за сеча.**

**Член 6**

За шума во приватна сопственост на површини до 10ха одобрение за сеча се издава според важечките критериуми за стопанисување со приватни шуми за кои не се изработува посебен план или за кои не се изработува прогрма(Сл.Весник на РМ бр.102 од 18.07.2013)
За шума во приватна сопсвеност на површини од 10-30ха согласно член 3 од Законот за изменување и дополнување на законот за шумите (Сл.Весник на РМ бр.79 од 31.05.2013) од сопственикот се бара програма за стопанисување со приватни шуми

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

според која понатаму се стопанисува со приватната шума или доколку сопственикот-сопствениците немаат програма се користат важечките критериуми од Став 1 на овој член.
За шума во приватна сопственост на површини поголеми од 30ха сопственикот во Подружницата приложува Посебен план за стопанисување со шуми за приватната шума за кое е наменето барањето.

**Член 7**

Барањето за одобрение за сеча се поднесува до Операторот за приватни шуми на Подружницата и се заведува во Уписник УП1 од страна на Операторот за приватни шуми.
За секоја катастарска парцела на која ќе се прими барање за сеча се отвара евидентен картон кој мора да има архивски број и рок на важност од десет години
Секое наредно барање и одобрение за сеча за иста катастарска парцела се приложува кон веќе оформениот евидентен картон.
На барателот за поднесеното барање, Операторот за приватни шуми му издава приемен број.

**Член 8**

Кон барањето странката сопственик на шума треба да приложи:

- Доказ за идентитет – фотокопија од важечка лична карта со изјава за користење на лични податоци и лично присуство.
- Изјава за веродостојност и точност при идентификација на терен на катстраската парцела наведена во барањето за сеча како и другите поднесени документи.
- Доказ за сопственост – имотен лист не постар од шест месеци
- Полномошно заверено од нотар за ополномоштено лице кои се јавуваат како баратели за одобрение за сеча со важечка лична карта со изјава за користење на лични податоци.
- Званичен заверен документ(геодетски елаборат) дека шумата за која се однесува барањето за сеча е обележена на лице место(на терен) од страна на трговци поединци, овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи.

Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

**Член 9**

Барањето за одобрение за сеча во приватни шуми се поднесува во Подружниците на ЈП "Македонски шуми" каде припаѓа катастарската парцела.Барањето го превзема Операторот за приватни шуми од Подружницата на ЈП кој ке изврши грижлива оценка на доказите поединечно и сите заедно, а врз основа на член 67 и 68 од Законот за шумите и другите овластувања согласно законите и општите акти, цени дали барателот или барателите ги исполнуваат условите за добивање на одобрение, како предуслов за превземање на понатамошни активности.

Доколку се исполнети условите согласно законите и општите акти,Операторот за приватни шуми дополнително треба да го информира барателот–барателите за терминот за излегување на лице место на катастарската парцела за извршување на теренските работи.

**Член 10**

Теренските работи ги врши Референтот за приватни шуми од ПШС во присуство на барателот – барателите при што ги превзема следните дејствија:

- Утврдува дали се исполнети условите предвидени во член 8 од Упатството,
- При извршување на теренскиот увид се врши потполнување на евидентниот картон со потребните податоци за описот на месторастењето и описот на насадите за соодветната катастарска парцела и друго пропишано во евидентниот картон,
- По утврдување на начинот на стопанисување, видот на сеча и сечивиот етат, врши ознака за сеча. Податоците од извршената ознака ги внесува во книга за евиденција на извршена ознака за сеча за приватни шуми,
- Предвидува мерки за одржување и унапредување на шумата во зависност од утврдените критериуми за стопанисување со приватните шуми.

**Член 11**

Одобрение за сеча на барателот му се изготвува кога се исполнети сите услови по документацијата предвидена со Закон за шумите и ова Упатство опишани во член 8 и извршените теренски работи од член 10.

**Член 12**

Одобрението за сеча се изготвува во три еднообразни примероци потпишани од страна на Референтот за приватни шуми и Раководителот-Директор на Подружницата или Самостојниот референт кој ја извршил ознаката за сеча и Раководителот-Директор, заверено во Архивата на подружницата.

Ул. "Перо Наков" бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

Еден примерок од одбрението за сеча му се дава на барателот, а по еден примерок се приложува во евидентниот картон, и еден примерок во архивата на Подружницата кој потоа се проследува до службата за финансии на подружницата.

**Член 13**

Може да се издаде само едно одбрение за сеча за една КП на која се однесува барањето во една календарска година по уредно доставена документација.
На барателот му се врачува одобрението за сеча кога ке приложи доказ за уплатени средства за извршената услуга како и надоместок за проширена репродукција на шумите според важечкиот ценовник на ЈП "Македонски шуми" за ознака и други услуги за шумите во приватна сопственост.
Референтот за приватни шуми е должен одобрението да го изготви во рок согласно Законот за општа управна постапка од денот на поднесување на барањето за одобрение за сеча од страна на барателот-барателите.
Одобрението за сеча издадено на име на сопственикот не може да се отстапува на друго лице. На датумот на прием на Одобрението сопственикот-сопствениците се потпишуваат на Одобрението како доказ дека е примено Одобрението.

## III. Услови за неиздавање на одобрение за сеча:

**Член 14**

Одобрение за сеча во приватна шума не може да се издаде, ако:

- барателот/ите не поседува/ат доказ за право на сопственост на шумата или постои хипотека на шумата за кое се доставува барањето;
- не е извршена промена на културата во катастарската евиденција;
- при теренскиот увид на КП се утврди дека на истата не се видно обележани границите како што е приложено во званичниот заверен документ издаден од овластени геодети и геодетски друштва за геодетски работи;
- не се извршени предвидените мерки во одобрението за сеча од предходниот период..
- има значително одстапувања на површината на катастарската парцела на терен со површината во катастарската евиденција;
- ако шумата е во строго заштитена зона во комплекс на шуми за посебна намена;
- сечивиот етат е искористен целосно и нема дрвна маса за сеча.

**Член 15**

Доколку барањето за сеча не се одобрува на подносителот му се дава писмен акт Решение со образложение за причините заради кои се одбива барањето.

Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

**Член 16**

Референтот за приватни шуми ќе го одложи донесувањето на Одобрението за сеча, доколку:

- Во текот на постапката се утврди дека за една КП има повеќе барања;
- Поднесен е приговор од трето лице;
- Ако од друго лице се оспорени имотно правните односи.

**Член 17**

Ако се оспорени имотно правните односи од друго лице ( член 16 став 1 алинеа 3), Референтот за приватни шуми должен е да ги провери доказите или ги задолжува заинтересираните страни во постапката сами да го решат спорот во определен рок.
Доколку во определениот рок не се донесат дополнителни докази за оспорениот случај, тогаш Референтот за приватни шуми го одбива барањето.
Доколку за соодветната парцела во меѓувреме судот донесе судско решение, постапката се прекинува и странката односно странките се должни во тој случај да поднесат ново барање за добивање на одобрение за сеча.

**Член 18**

Доколку постојат услови за прекин на постапката, Референтот за приватни шуми донесува **решение** со образложение за причините за прекин на постапката

## IV.УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО

**Член 19**

Согласно член 230 и 233 од Законот за општа управна постапка незадоволната странка има право на жалба во рок од 15 дена од приемот на Одобрението, преку органот кој одлучувал во прв степен до Министерот за земјоделство шумарство и водостопанство.

## V.ЕВИДЕНТЕН КАРТОН

**Член 20**

Евидентен картон се отвара за секоја катастарска парцела посебно при поднесување на првото барање за сеча за катастарска парцела.
Евидентниот картон се чува десет години од денот на отварањето со целокупната документација која е издадена во тек на сите десет години за катастарската парцела и тоа:

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

- Барања за издавање на одобрение за сеча од сите години,
- Доказ за идентификација со изјава за лични податоци,
- Изјава за веродостојност и точност,
- Доказ за сопственост (имотен лист и сл.),
- Геодетски елаборат(за шума), скица
- Полномошно заверено од нотар(доколку ги има),
- Одобрение или одобренија за сеча,
- Книга за извршена ознака за сеча,
- Приемници за сеча и дотур на дрвна маса,
- Испратници за испорачана дрвна маса од соодветна КП,
- Уплатница за услуга.

Во евидентниот картон се врши евиденција на одобрена и извезена дрвна маса секоја календарска година според количините во издадените приемници за сеча,дотур и испратници за превоз или пренос од дадената КП.
Евидентните картони се чуваат уредно во архивата на Подружницата, класифицирани по посебни планови за стопанисување со шуми или доколку се однесува на неуредена површина се води по К.О во кој припаѓа одредена КП.
За КП кои се целосно искористени евидентните картони се класифицираат посебно со цел да се увиди веднаш дека на дадената КП етатот е искористен и барателот нема право за издавање на одобрение. Одговорноста за чување на евидентниот картон и сите составни документи кои погоре се наведени е на Операторот за приватни шуми.

## VI. ОЗНАКА ЗА СЕЧА, ПРИЕМ И ПРЕВОЗ НА ПОСЕЧЕНО ДРВО

**Член 21**

**а. Ознака за сеча**

По уредно поднесеното барање за сеча во приватни шуми на сопственикот односно на сосопствениците согласно законот и ова упатство, Референтот за приватни шуми со високо образование од областа на шумарството и најмалку две години работно искуство по утврдување на состојбата на шумата на КП и сите таксациони елементи потребни за внесување во евидентниот картон, сечивиот етат за десет години и мерките за стопанисување, врши ознака за сеча.
Ознака за сеча се врши со чекан за ознака во приватни шуми со триаголна форма и употреба на боја, и тоа црна во парна година и црвена во непарна година.
Означената дрвна маса ја евидентира во книга за ознака во приватни шуми во која се внесуваат сите параметри.

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

**Член 22**

**б. Сеча**

Сеча во приватни шуми се врши по предходно извршена ознака и издадено одобрение за сеча.

По извршената сеча референтот за користење врши премер на посечената дрвна маса во КП на местото на извршување, врши проверка дали сечата е извршена според извршената ознака и дали има отстапувања(број на означени стебла видот на означеното дрво, одобрената количина и сл.) по што издава приемница за сеча и дотур.

Приемницата за сеча и дотур се чува како доказ во евидентниот картон.

Доколку се утврдат значителни одстапувања, постапката за издавање приемница за сеча и дотур, жигосување и издавање на испратница се прекинува додека комисија составена од сручни лица не ги утврди на причините до кои дошло до наведените отстапувања за кој ќе издаде посебен записник.

Сечата,дотурот и превозот односно преносот се врши во рок утврден во одбрението за сеча.

**в. Испорака на шумски сотименти**

Жигосувањето се врши со шумски жиг (чеканче) во облик на рамностран триаголник чија страна изнесува 35мм во кој е испишан називот и седиштето на ЈП Македонски шуми, нумериран со арапски броеви.

При втиснување на шумски жиг се употребува водоотпорна боја и тоа наизменично и тоа во парна година со црна боја и во непарна година со црвена боја.

При испорака на техничко дрво покрај шумски жиг се втиснува и пластична плочка со нумерички број и црна боја.Покрај испратницата за превоз на техничко дрво се издава и спецификација во која се впишува и нумеричкиот број на испратницата (да бидат поврзани). Елементите впишани во испратницата треба да бидат идентични со елементите впишани во спецификацијата.

Испратница за превоз и пренос на шумски сортименти се издава на шумските сортименти доколку не се утврдени неправилности при приемот на сортиментите од страна на референтот за користење кој предходно издал приемница за сеча и дотур.

Количината на дрвни сортименти која се испорачува мора да биде иста со количината впишана во приемницата за сеча и дотур издадена од страна на референтот за користење.

Испратница за превоз односно пренос на дрвни сортименти се издава непосредно пред превозот на шумските сортименти при утовар со утврдување на потеклото на дрвото односно откако референтот за превоз кој ја издава испратницата ке утврди дека потеклото на дрвото е од КП на сопственикот и дека одговара видот на дрвото и количината според издаденото одобрение за сеча на дадената КП.

Испратница се издава за секое превозно односно преносно средство и важи за денот и часот и времето потребно за користење на испратницата односно тргнување и

Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

пристигнување до адресата на која се врши растовар и не може да се отстапува на друго лице.
Рокот на важност на испратницата не може да се продолжува.
Доколку испратницата од оправдани причини не е искористена (дефект на моторно возило и сл) ке се замени со нова.
Нова испратница издава субјектот кој ја издал предходната испратница само во случај кога дефектот или друга причина е пријавена во шумска полиција или најблиска полициска станица.
Издавачот на новата испратница е должен да ја поништи неискористената испратница да ја одземе неискористената оригинална испратница од превозникот и сите примероци со ист сериски број да ги врати во кочанот.
Испратницата има важност само за еден превоз односно пренос.

**Член 23**

Жигосување и издавање на испратница за превоз или пренос на шумски сортименти од шума во приватна сопственост се врши по предходно барање на сопственикот-сосопствениците на шумата по предходна уплата на средствата за извршената услуга за посечената дрвна маса согласно Ценовникот на ЈП Македонски шуми бр. 02-2936/4 - 7 од 27.12.2005 година.
За дрво кое потекнува од шуми во приватна сопственост покрај средствата за извршена услуга , сопственикот врши и уплата на средства за проширена репродукција на трезорска сметка на МЗШВ.

## VII. ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ

**Член 24**

Евиденцијата за извршените работи при издавање на одобренија за сеча во приватни шуми се врши на обрасци пропишани според Законот за шуми и важечки Правилници и упатства.
За извршена испорака на шумски сортименти во тековниот месец се изготвува месечен извештај на образец пропишан според Законот за шуми.
Лицата задолжени за изготвување на извештајот за извршени работи со приватни шуми во тековниот месец врши пополнување на преглед со бараните податоци и најкасно до 5-ти во наредниот месец го доставува до Државниот инспекторат за шумарство и ловство.

**Член 25**

Упатството влегува во сила од денот на неговото донесување. Секое непридржување кон одредбите од упатството претставув повреда на работните задачи.

МАКЕДОНСКИ ШУМИ
во партнерство со природата
www.mkdsumi.com.mk
Ул. "Перо Наков" Бр.128; 1000 Скопје; Р. Македонија
Тел. ++389 (0)2 2581080 Факс. ++389 (0)2 2581824

**Член 26**

Составен дел на ова Упатство се следните документи:

- Барање на одобрение за сеча
- Изјава
- Записник
- Одобрение за сеча
- Образец за сеча
- Приемница за сеча и приемница за дотур
- Решение со кое се одбива барањето
- Евиденција за сеча
- Месечени извештаи
- Правилник за критериуми
- Ценовник
- Спецификација за испорака на техничко дрво

**Член 27**

Упатството влегува во сила од денот на донесувањето.Секое непридржување кон одредбите од ова упатство претставува повреда на работните задачи.

Скопје, Септември 2015 год.

Сектор за шумарство

Ѓоко портарски, дипл.шум.инж.

**ЈП Македонски шуми – Скопје**

**Директор,**

**Жарко Караџовски, дипл.правник**